# Општина Пласница
# Граѓански Буџет
# 2026

# Што е граѓански буџет

**“Граѓанскиот Буџет“** претставува основна алатка која на едноставен начин го доближува буџетот до граѓаните, ги информира за тоа како се крои буџетот, на кој начин се полни и како се трошат распределените средства, се со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста на Општина Пласница. Преку него ќе бидат објаснети приходите и расходите на општината за 2026 година, процесот на донесување на Буџетот и проектните активности кои треба да се реализираат во текот на 2026 година.

Целта на подготовката на Граѓанскиот буџет на Општина Пласница е да обезбеди поголема информираност на граѓаните за буџетот на општината на полесен и достапен начин.

# Што е граѓански буџет

**ОБВРСКИ НА ГРАЃАНИНОТ**

Буџетот кој го имате пред Вас е план за јавните пари за 2026 година. За истиот да може да се реализира, граѓаните треба со одговорност да ги исполнат нивните обврски кон општината, редовно да ги плаќаат даноците и таксите соодветно на услугите.

Само на овој начин општината ќе успее да ги собере планираните средства навреме и ќе биде во состојба да реализира поголем дел од планираниот буџет.

# Буџет 2026 година

**Буџетот на општината се однесува за период од една фискална година и започнува на 1 јануари и трае до 31 декември**



# ВОВЕД

Буџет на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува:

1.Основниот буџет,
2. Буџетот на самофинансирачки активности
3. Буџетот на дотации,
4. Буџетот на донации и
5. Буџетот на заеми

1.Основниот буџет е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината.

2.Буџет на самофинансирачки активности е годишен план на приходи од активности на буџетските корисници кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства

3.Буџет на дотации е годишен план на приходи од дотации и одобрени средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината, за финансирање на конкретна намена, надлежност, програми и инвестициони проекти

4.Буџет на донации е годишен план на приходи од донации и одобрени средства кои се користат строго наменски и согласно со договорот склучен со донаторот

5.Буџет на заеми е годишен план на приливи од заеми и одобрени средства кои се користат за финансирање на надлежност, програми и проекти

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## Буџетот на општина Пласница се состои од општ, посебен и развоен дел

**Општиот дел содржи:**

- Консолидиран биланс на приходи и расходи
- Функиционална класификација на расходи
- Биланс на тековно оперативни приходи и расходи
- Биланс на капитални приходи и расходи

**Посебниот дел содржи:**

- План на одобрени средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година.
- Буџетски – тековно – оперативни програми
- Буџетски капитални програми

**Развојниот дел содржи:**

- Планови на програми за развој прикажани по развојни проекти

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетот на општината претставува буџетски процес кој се заснова на следните начела:**

- Сеопфатност;
- Буџетска рамнотежа;
- Специфичност;
- Економичност;
- Ефикасност;
- Ефективност ;
- Транспарентност и
- Сигурно финансиско управување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## Учесници во буџетскиот процес:

- Внатрешни (Градоначалникот, Советот на општината, раководителите на одделенија и на единките корисници);
- Надворешни (граѓаните, НВО, бизнис заедницата)

## Фази на буџетскиот процес

- I фаза Одлучување за целите на општината за наредната година врз основа на стратегијата на општината и потребите на граѓаните;
- II фаза Анализа и изготување на предлог-буџет;
- III фаза Усвојување на буџетот и
- IV фаза Извршување на буџетот

# Буџетски приходи

Приходите на буџетот на локалната самоуправа се обезбедуваат од:

- Сопствени извори;
- Дотации од средствата од буџетот на Република Северна Македонија и од буџетските фондови;
- Донации примени од земјата и од странство и
- По основ на земање на заеми од Буџетот на Република Северна Македонија, како и од странство со претходна согласност на владата на Република Северна Македонија



# Приходи од сопствени извори

- Локални даноци;
- Локални такси;
- Локални надоместоци;
- Приходи од сопственост;
- Приходи од донации;
- Приходи од парични казни;
- Приходи кои се остваруваат  од персонален  данок од доход и
- Приходи од самопридонес.

# Буџетски расходи

## Расходите на буџетот на локалната самоуправа се состојат од:

- Тековни трошоци (плати и надоместоци, трошоци за набавка на стоки и услуги и тековни трансфери )
- Капитални трошоци (купување на капитални средства и капитални трансфери)

# Вкупен буџет на Општина Пласница за 2026 година



# Приходи на Буџет на Општина Пласница за 2026 година

**Вкупен буџет**
**75.056.085**

Даночни приходи
8.850.000

| | |
|---|---|
| Данок од доход , од добивка и од капитални добивки | 450.000 |
| Даноци на имот | 3.750.000 |
| Даноци на специфични услуги | 4.650.000 |
| **Вкупно:** | **8.850.000** |

Неданочни приходи
578.001

| | |
|---|---|
| Глоби, судски и административни такси | 110.000 |
| Такси и надоместоци | 340.161 |
| Други неданочни приходи | 127.840 |
| **Вкупно:** | **578.001** |

Капитални приходи
6.600.000

| | |
|---|---|
| Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 6.600.000 |
| **Вкупно:** | **6.600.000** |

Трансфери, донации
59.028.084

| | |
|---|---|
| Трансфери од други нивоа на власт | 59.028.084 |
| **Вкупно:** | **59.028.084** |

## ТРАНСФЕРИ

Износот на транферите кои ги прави централната власт кон Општина Пласница а кои влегуваат во основниот буџет се однесуваат на:

- трансфери од буџетот на РСМ
- трансфери од буџетите на фондовите,
- Дотации на општината од приходи од ДДВ кои се обезбедени во висина од 6% од наплатениот ДД В остварен во претходната фискална година, респределени во следниов соодноС:
  - основен дел – 4,5% од наплатениот ДДВ остварен во претходната фискална година,
  - дел за перформанси – 0,75% од наплатениот ДДВ остварен во претходната фискална година и
  - дел за воедначување – 0,75% од наплатениот ДДВ остварен во претходната фискална година.

## ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ

Се однесуваат на дел од неданочните приходи кои ги оствариле и генерирале образовните институции под надлежност на општината (средства за екскурзии, други помошни активности во образованието, приходи од продажба на други производи изакупнини од објекти)

## НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА

Наменската дотација се средства трансферирани од Министерство за образование и наука наменети за функционирање на образовни институции.

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми



# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми

**Градоначалник**

**2.804.000**

Плати и надоместоци
2.124.000

Резерви и недефинирани расходи
50.000

Стоки и услуги
130.000

Субвенции и трансфери
50.000

Социјални бенефиции
450.000

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми

**Општинска администраија**

**14.469.500**

Плати и надоместоци

11.959.500

Стоки и услуги

2.260.000

Субвенции и трансфери

250.000

**Капитални расходи на општината**

**840.000**

- Купување на опрема и машини 240.000
- Купување на возила 600.000

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми

Урбанистичко планирање 500.000

Капитални расходи за уредување на градежно земјиште 650.000

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми

## Комунални дејности – тековно –оперативни програми

| | |
|---|---|
| Снабдување со вода 70.000 | • Трошоци за поправки и тековно одржување |
| Одведување и пречистување на отпадни води 120.000 | • Потрошена електрична енергија за пречистителна станица<br>• Трошоци за поправки и тековно одржување<br>• Други тековни расходи |
| Јавно осветлување 3.000.000 | • Потрошена електрична енергија за улично осветлување<br>• Одржување на улична мрежа |
| Јавна чистота 1.030.000 | • Одржување на јавни површини (улици, тротоари, плоштади...) со чистење и метење<br>• Договорни услуги за одржување на јавна чистота |
| Одржување и заштита на локални патишта и улици 420.000 | • Зимско одржување<br>• Санирање на ударни дупки<br>• Чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици |
| Други комунални услуги 400.000 | • Трошоци за дезинфекција,дезинсекција и дератизација<br>• Заловување и третирање на кучиња скитници |

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми


## Комунални дејности – капитални програми

**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици 33.431.500**

*ЈДО Изградба и реконструкција на локални патишта и улици 11.810.500

*ЈДЦ Изградба и реконструкција на ЛОТ(2), (СТ4, ПР6) во н.м.Лисичани 6.674.000

*ЈДД Локален пат с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово дел од Крак 1 - Преглово, Крак1, Крак3 и Крак4 - Пласница 14.947.000

- Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици и патишта
- Изградба и доизградба на улици
- Реконструкција и рехабилитација на улици и патишта
- Изградба на други објекти
- Надзор над изградбата

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми



## Комунални дејности – капитални програми

**Изградба на сообраќајна сигнализација 100.000**

- Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти

**Изградба на системи за водоснабдување 5.660.000**

- Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитетите за водоснабдување
- Изградба на капацитети за водоснабдување

**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води 3.955.000**

- Доградба на фекална канализација во н.м.Преглово Книга 1 – Канал 1 (км 0.00 – км 0+564.79 ) – општина Пласница
- Надзор над изградбата

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми

Буџет на дотации 3.600.000

Буџет на самофинасирачки активности 340.161

Буџет на донации 465.924

**Основно образование 4.376.085**

**Капитални расходи за основно образование 30.000**

- Купување на мебел 30.000

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми

**Заштита на животна средина и природа**

**600.000**

# Расходи во Буџетот на Општина Пласница за 2026 година по програми





# Општина Пласница
# декември 2025